[redacted]

**From:** [redacted]
**Sent:** Friday, August 23, 2024 12:43 PM
**To:** b.abazi@dksk.org.mk; contact@dksk.org.mk
**Subject:** Informacii od javen karakter

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 03-09-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 2348/1 | | |

Pochituvani

vo proces sum na izrabotka na izveshtaj za sostojbata so platenoto politicko reklamiranje na izminatite parlamentarni i presedateski izbori 2024 god.

Poradi obemnosta na matrijalite na vashata veb strana, dali bi sakale da mi gi ispratite dokumnetite vo zipovana forma ili mi dostavite spisok na elektronski mediumi koi pobarale pari za isplata na subvecionirno politichko reklamiranje. Se nadevam deka kje izlezete vo presret.

Srdechno vashi

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. /Nr 03 - 2348/2
05 -09- 2024 г./v.

До
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Ул. „СВ Кирил и Методиј" бр. 54
1000 Скопје

Предмет: **Препраќање на барањето за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на барателот [redacted] преку електронска форма е доставено барање заведен по наш архивски бр. 03-2348/1 од 03.09.2024 година, видно од предметното барање согласно член 16 став 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, произлегува дека се работи за барање за пристап до информации од јавен карактер.

Во врска со барањето поднесено од барателот [redacted], во прилог Ви го препраќаме Барањето за пристап до информации од јавен карактер за натамошно постапување по однос на доставеното барање: *„список на електронски медиуми кои побарале пари за исплата на субвенционирано политичко рекламирање"*, поради фактот дека Државната комисија за спречување на корупцијата не е имател на бараната информација, а според содржината на барањето се утврди дека Вашата институција е надлежна за горенаведеното барање согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019).

Ви благодариме на разбирањето.

Со почит,

Заменик претседател,
м-р Серват Демири

Изготвил: Бурим Абази, виш соработник

Прилог:
- Барање заведено под наш бр. 03-2348/1 од 03.09.2024 г. (копија).

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. /Nr 03-2348/3
05-09-2024 г./v.

До
[redacted]

Предмет: Известување

Почитувана,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш бр. 03-2348/1 од 03.09.2024 година, ве известуваме за следното:

По однос на барањето упатно до Државната комисија за спречување на корупцијата „*список на електронски медиуми кои побарале пари за исплата на субвенционирано политичко рекламирање*", Државната комисија за спречување на корупцијата констатираше дека не е имател на ваква информација и одлучи да се препрати барањето до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата Државна изборна комисија, согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019).

Со почит,

**Заменик претседател,**
**м-р Серват Демири**

Изготвил: Бурим Абази, виш соработник

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk